## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО НАРАТОЛОГИЈА“ ОД ДОЦ. Д-Р РАНКО МЛАДЕНОСКИ, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, како и Одлуката бр. 1902-44/15 од 117. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет одржана на 4.2.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Виолета Димова, Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,
– проф. д-р Луси Караниколова Чочоровска, Филолошки факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис со наслов **„Практикум по наратологија“ од доц. д-р Ранко Младеноски** наменет за студентите од прв циклус на студии при Филолошкиот факултет на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип го поднесува следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

Ракописот од доц. д-р Ранко Младеноски со наслов „Практикум по наратологија“ понуден како прирачник за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се однесува на предметот *Наратологија* во *осмиот семестар* со неделен фонд на часови од 1+1+1 и е наменет за студентите од *Катедрата за македонски јазик и книжевност* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Овој *Практикум*, исто така, ќе им биде од полза и на студентите од другите катедри на Филолошкиот факултет во Штип како што се Англиски јазик и книжевност, Италијански јазик и книжевност, Германски јазик и книжевност, Турски јазик и книжевност кои го следат курсот *Теорија на книжевност* како изборен предмет со оглед на фактот дека наратологијата е научна поддисциплина во рамките на теоријата на книжевноста. За приложениот ракопис од доц. д-р Ранко Младеноски може да се каже дека е во согласност со Предметната програма за курсот *Наратологија*, а авторот на почетокот од овој наставен прирачник ја нуди Предметната програма според која и е структурирана наставната материја во овој труд. Од вака понудената Предметна програма и од содржината на ракописот може да се забележи дека авторот се придржувал до наставната програма предвидена за курсот *Наратологија*.

Прирачникот со наслов „Практикум по наратологија“ од Ранко Младеноски содржи 127 страници, А4 формат, на кои се распределени следните прилози: четири апликативни текстови како илустрација за анализа на прозни литературни дела („Циклична супституција на ликови во романот ‘Тунел’ од Петре М. Андреевски“, „Дестабилизираните ликови во романот ‘Бабаџан’ од Живко Чинго“, „Културниот алтеритет во романот ‘Вештица’ од Венко Андоновски и „Наративните структури во романите на Славчо Ковилоски“); 96 прашања и задачи каде што се применети 50 табели и 8 дијаграми; 120 колоквиумски прашања (60 + 30 + 30) што се однесуваат на сите методски единици од курсот *Наратологија*; речник на термини; библиографија. Според обемот и содржината, а и според бројот на часовите за предметот *Наратологија*, овој *Практикум* ги задоволува сите услови предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во врска со бројот на прилозите, особено треба да се истакне рамномерната распределба на табелите и дијаграмите во двата дела на овој *Практикум* коишто се составени од прашања и задачи.

Ракописот „Практикум по наратологија“ на доц. д-р Ранко Младеноски е изработен на тој начин што ја следи предочената материја во веќе објавената скрипта со наслов „Наратологија“ од истиот автор што, бездруго, ќе им го олесни на студентите следењето и совладувањето на методските единици од областа на семиотиката на прозата. Со оглед на фактот дека *Практикумот* е подготвен според специфичната Предметна програма за курсот Наратологија, овој ракопис претставува оригинален прирачник што ќе ги упати студентите во конкретни иновативни приоди кон интерпретација на прозните книжевно-уметнички дела и во кој секој студент одделно ќе ги покаже стекнатите вештини од областа на толкувањето на прозата. Покрај тоа, овој *Практикум* ќе ги насочи и ќе ги поттикне студентите кон една темелна подготовка на двата писмени колоквиуми и на завршниот устен испит по предметот *Наратологија*, а во исто време ќе им ги прошири и ќе им ги продлабочи на студентите знаењата од областа на теоријата на прозата.

Материјата во *Практикумот по наратологија* е систематизирана во четири поглавја: а) Прв дел: Наратолошки интерпретации; в) Втор дел: Основи на наратологијата (проверка); в) Трет дел: Структури и модели (проверка); г) Четврти дел: Колоквиумски прашања. Во првото поглавје, како што веќе се кажа погоре, се понудени четири интерпретативни текстови во кои се илустрираат методите за анализа на конкретни прозни книжевни дела. Второто и третото поглавје - „Основи на наратологијата (проверка)“ и „Структури и модели (проверка)“ - од овој прирачник се составени од прашања и задачи поврзани со фундаменталните сегменти на наратологијата како што се нарација, наратор, наратер, хронотопија, фокализација, основни модели за анализа на прозата (Проп, Грејмас, Барт), семиолошкиот аспект во дефинирањето на книжевниот лик и слично. Основната цел на двете поглавја е студентите да ја демонстрираат стекнатата умешност во креативното интерпретирање на прозата со помош на веќе усвоените знаења од областа на наратологијата. Во четвртото поглавје се дадени сто и дваесет колоквиумски прашања од трите вида (60 прашања со заокружување на еден точен одговор од три можни, 30 прашања со дополнување на еден или неколку збора и 30 прашања со текстуален одговор на поставеното прашање) со кои се опфатени сите методски единици од Предметната програма за курсот *Наратологија*. Првичната наставно-методска цел со колоквиумските прашања е студентите да се насочат и да се поттикнат кон сеопфатно и солидно совладување и применување на техниките за анализа на прозата, но и кон темелна подготовка на двата писмени колоквиуми и на завршниот устен испит по предметот *Наратологија*. Покрај сета оваа материја, во прирачникот „Практикум по наратологија“ е приложен и *Речник на термини* којшто ќе им помогне на студентите во разбирањето на сложениот терминолошки систем што се применува во наратологијата. Со *библиографијата* што е дадена на крајот од овој *Практикум* студентите ќе се насочат кон полесно збогатување на знаењата од областа на теоријата на прозата.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот на доц. д-р Ранко Младеноски со наслов „Практикум по наратологија“ што е понуден за објавување како рецензиран наставнообразовен прирачник (практикум) претставува мошне сериозно изработен методски и методолошко-апликативен труд во кој на еден системски начин се понудени практичните, прагматските аспекти на наратологијата, односно семиотиката на прозата со помош на интерпретативни трудови (во првиот дел од Практикумот), но и преку концизно осмислени и приложени прашања и задачи од областа на теоријата на книжевно-уметничката проза. Овој Практикум во голема мера ќе им помогне на студентите во совладувањето на сложената материја од областа на наратологијата, како и во проверката на веќе стекнатите знаења и вештини за интерпретација (анализа, толкување) на полисемичноста на прозниот дискурс. Приложените колоквиумски прашања, пак, со кои е опфатена целосната материја од Предметната програма по курсот Наратологија ќе ги насочи студентите кон најефективните методи за подготвување на двата колоквиуми и на завршниот испит за овој предмет.

Врз основа на наведените и образложени факти за содржината на прирачникот со наслов „Практикум по наратологија“, Рецензентската комисија заклучува дека овој труд на доц. д-р Ранко Младеноски во целост ги исполнува критериумите за објавување на наставни помагала предвидени со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го прифатат овој труд за објавување во е-библиотеката на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип како рецензиран практикум по курсот Наратологија.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Виолета Димова, с.р.**
**Проф. д-р Луси Караниколова Чочоровска, с.р.**